# БИЛТЕН НА СКСЗМ

## ЈАНУАРИ – МАРТ

## 2026

Str. Dimitrie Cupovski 13
1000 Skopje, Macedonia
Tel. +389 (0)2 3239 252
**oemvp**.org

www.oemvp.org

## Содржина

Содржина ........ 1

Вовед ........ 3

1. ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, ЕФЕКТИВНИ ИНСТИТУЦИИ СО ФИСКАЛНА И ФИНАНСИСКА ОДГОВОРНОСТ КАКО СУШТИНСКА ПОТРЕБА ЗА СИЛНА ЕКОНОМИЈА НА СЛОБОДНИОТ ПАЗАР. ........ 4

1.1 Економскиот развој и бизнис климата во фокус на средбата меѓу СКСЗМ и првиот заменик-претседател на Владата Беким Сали ........ 4

1.2 Одржана средба со Министерот за внатрешни работи на РСМ. „Safe City“ во фокус, СКСЗМ достави барања за заштита на деловната активност ........ 4

1.3 Раководството на СКСЗМ оствари средба со директорката на УЈП. Се дискутираше за прашања од значење за членството на Комората ........ 5

1.4 СКСЗМ реализираше средба со Претседателот на Собранието на РСМ. Дискусијата се фокусираше на Предлогот за изменување на Законот за извршување ........ 5

1.5 СКСЗМ предлага измени во Законот за извршување, со фокус на заштита на бизнисите, транспарентност и отчетност ........ 5

Правен Информатор ЈУРИС и ЈУРИС АЛАРМ ........ 6

2. ДОВОЛНА И КВАЛИФИКУВАНА РАБОТНА СИЛА СО РАЗНОВИДНА И РАЗВОЈНА ЕКОНОМИЈА КОЈА СПРЕЧУВА ИСЕЛУВАЊЕ ........ 7

2.1 СКСЗМ на средба со Универзитетот „Мајка Тереза“. Дискусии за доволна и квалификувана работна сила ........ 7

3. ЕВРОПСКА ДРЖАВА, ЧЛЕНКА НА ЕУ, СО МОДЕРНИ ДИГИТАЛИЗИРАНИ ИНСТИТУЦИИ И БИЗНИСИ НАСОЧЕНИ КОН ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА. ........ 8

3.1 Одржана работилница во СКСЗМ за плаќањата во евра преку СЕПА ........ 8

3.2 Раководството на СКСЗМ оствари средба со Министерот за животна средина и просторно планирање. Дискусија за еколошките политики ........ 8

3.3 СКСЗМ учествуваше на потпишувањето на договорот за грант-шема за зелени бизниси – Зелениот транзициски процес како приоритет за развојот на компаниите ........ 9

3.4 Раководство и членството на СКСЗМ учествуваа на настан за поддршка и зајакнување на социјалните претпријатија ........ 9

Економски Информатор ЕКОНОМИКУС ........ 10

Бизнис Информатор ДОБИА ........ 10

4. КОМОРА СО КРЕДИБИЛИТЕТ И ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ, ЛИДЕР ВО ЗАШТИТАТА НА ДЕЛОВНИТЕ ИНТЕРЕСИ ........ 11

4.1 СКСЗМ одржа официјална средба со Министерот за надворешни работи и надворешна трговија за соработка во функција на економскиот раст ........ 11

4.2 Извршниот директор на СКСЗМ, Дурим Зекири, панелист на презентацијата на Стратегијата за МСП 2025–2030 ........ 11

4.3 СКСЗМ го прими на средба амбасадорот на Швајцарија во РСМ, г. Кристоф Зомер. Се разговараше за продлабочување на економската соработка меѓу двете земји ........ 12

4.4 СКСЗМ го одржува 4-тиот состанок на Надзорниот одбор. Се дискутираше за извештаите и прашања за функционирањето на Комората ........ 12

4.5 СКСЗМ почестена со Признание за 15-годишниот придонес од Фондацијата Албиз ........ 13

4.6 СКСЗМ ги обединува институциите и бизнисот на Традиционалната ифтарска софра, во духот на партнерството и општественото единство ........ 13

4.7 СКСЗМ го одржа првиот состанок на Управниот одбор за 2026 година ........ 14

4.8 СКСЗМ дел на меѓународниот форум за промоција на инвестиции во Будимпешта ........ 14

5. НАМАЛУВАЊЕ НА СИВАТА (НЕФОРМАЛНА) ЕКОНОМИЈА, МИНИМИЗИРАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ЗДРАВА ЕКОНОМСКА КОНКУРЕНТНОСТ ........ 15

5.1 СКСЗМ потписник на декларацијата за партнерство и акција „Заедничка посветеност за формализирање на неформалната економија во РСМ“ ........ 15

6. Односи со јавноста ........ 16

7. СКСЗМ во медиуми ........ 16

8. Комуникација со членките ........ 17

9. СКСЗМ на социјалните мрежи ........ 17

Услуги на СКСЗМ ........ 18

## Вовед

Билтенот на СКСЗМ е документ што се објавува на квартална основа и содржи краток опис на активностите на СКСЗМ за наведениот период на известување. Во првиот квартал, односно периодот Јануари – Март 2026, СКСЗМ со цел реализација на визијата, мисијата и долгорочните стратешки цели на СКСЗМ, организираше бројни активности, продолжувајќи да се етаблира како вистинска и професионална институција насочена кон поддршка и унапредување на бизнисите во земјата и пошироко.

Стратегијата на СКСЗМ за 2024 – 2027 година се заснова на општиот контекст, приоритетите потреби, активностите на другите актери, како и самата нејзина улога и има дефинирани пет стратешки цели. Врз основа на визијата и мисијата, како и долгорочните цели на Комората, во овој период сме посветени кон постигнување на следниве стратешки цели:

1. Владеење на правото, ефективни институции со фискална и финансиска одговорност како суштинска потреба за силна економија на слободниот пазар.
2. Доволна и квалификувана работна сила со разновидна и развојна економија која спречува иселување.
3. Европска држава, членка на ЕУ, со модерни дигитализирани институции и бизниси насочени кон циркуларната економија и обновливите извори на енергија.
4. Комора со кредибилитет и локална и регионална вклученост, лидер во заштитата на деловните интереси.
5. Намалување на сивата (неформална) економија, минимизирање на корупцијата и нелојалната конкуренција како предуслов за здрава економска конкурентност.

**Дурим Зекири**

Извршен Директор

# 1. ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, ЕФЕКТИВНИ ИНСТИТУЦИИ СО ФИСКАЛНА И ФИНАНСИСКА ОДГОВОРНОСТ КАКО СУШТИНСКА ПОТРЕБА ЗА СИЛНА ЕКОНОМИЈА НА СЛОБОДНИОТ ПАЗАР.

## 1.1 Економскиот развој и бизнис климата во фокус на средбата меѓу СКСЗМ и првиот заменик-претседател на Владата Беким Сали



**16.01.2026, Скопје** – Стопанската комора на Северо-Западна Македонија оствари официјална средба со првиот заменик-претседател на Владата на РСМ, г. Беким Сали, кој воедно ја извршува и функцијата министер за европски прашања. Целта на посетата беше упатување честитки по повод преземањето на новата функција, како и дискусија за можностите за понатамошна соработка меѓу СКСЗМ и Владата на РСМ.

На средбата беа отворени значајни прашања поврзани со унапредување на деловната клима, при што беше нагласена потребата од континуирано лобирање за создавање поповолни услови за бизнис заедницата, како и разгледување на предизвиците во царинските постапки и процедурите за лиценцирање на иницијативите поврзани со зелената економија.

## 1.2 Одржана средба со Министерот за внатрешни работи на РСМ. „Safe City“ во фокус, СКСЗМ достави барања за заштита на деловната активност



**21.01.2026, Скопје** - Делегација на Стопанската комора на северо-западна Македонија оствари работна средба со Министерот за внатрешни работи, г. Панче Тошковски, при што беше дискутирана имплементацијата на системот „Safe City“ и неговото влијание врз економијата и деловната активност.

СКСЗМ достави конкретни барања и сугестии во врска со унапредување на системот, особено во делот што се однесува на работата и деловната активност на возилата на компаниите во сообраќајот. Министерот Тошковски истакна дека овие предлози ќе бидат разгледани со сериозност и дека ќе се најдат решенија за елиминирање на секоја нејаснотија што може да се појави при спроведувањето на системот.

## 1.3 Раководството на СКСЗМ оствари средба со директорката на УЈП. Се дискутираше за прашања од значење за членството на Комората



**27.02.2026, Скопје** - В.д. Претседателот на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, г. Нухи Алиу, заедно со Извршниот директор г. Дурим Зекири, членовите на Управниот одбор г. Сами Морина и г. Агрон Мустафа, како и оперативната менаџерка Миранда Ајдини, остварија средба со директорката на Управата за јавни приходи, г-ѓа Елена Петрова.

На средбата беа покренати конкретни прашања поврзани со практичното функционирање на даночните процеси. Се дискутираше за техничките проблеми и недоволната ефикасност на системот за поднесување на годишната сметка, кои го отежнуваат почитувањето на законските рокови од страна на компаниите. Едно од клучните прашања беше и доцнењето во враќањето на средствата по основ на ДДВ, што директно влијае врз ликвидноста на бизнисите.

## 1.4 СКСЗМ реализираше средба со Претседателот на Собранието на РСМ. Дискусијата се фокусираше на Предлогот за изменување на Законот за извршување



**02.03.2026, Скопје** - Раководството на СКСЗМ, составено од в.д. претседателот Нухи Алиу, извршниот директор Дурим Зекири, почесниот претседател Џемаил Даути и оперативната менаџерка Миранда Ајдини, оствари средба со претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши, со цел да се дискутираат предложените измени на Законот за извршување, со посебен акцент на член 218, кој во моментов е објавен и на ЕНЕР.

Во текот на дискусијата беше истакната потребата од елиминирање на елементите на фаворизирање на јавните претпријатија и воспоставување механизми на отчетност, со цел процесот на извршување да биде поправеден и потранспарентен за сите економски чинители.

## 1.5 СКСЗМ предлага измени во Законот за извршување, со фокус на заштита на бизнисите, транспарентност и отчетност

**19.03.2026, Скопје** - Раководството на Стопанската комора на северо-западна Македонија одржа состанок со министерот за правда, Игор Филков, на кој беа дискутирани предложените измени на Законот за извршување, со посебен фокус на член 218.



На состанокот присуствуваа в.д. претседателот Нухи Алиу, извршниот директор Дурим Зекири, почесниот претседател Џемаил Даути и оперативната менаџерка Миранда Ајдини.

Главната цел на состанокот беше разгледување на нацрт-измените објавени на ЕНЕР, кои предвидуваат проширување на заштитата на средствата и имотот на државните институции, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија од постапките за извршување.

СКСЗМ веќе многу години алармира за проблематиката што ја предизвикува член 218 во договорните односи меѓу приватниот сектор и јавните институции, создавајќи правна несигурност и потешкотии во остварувањето на побарувањата на компаниите.

## Правен Информатор ЈУРИС и ЈУРИС АЛАРМ

Во овој период СКСЗМ го објави Правниот Информатор ЈУРИС и ЈУРИС Аларм. Темите објавени на овие Правни Информатори беа:

- **ЈУРИС Аларм бр.1 -** Одлука за определување на квота за дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2026 година;
- **ЈУРИС бр.1 -** Поднесување на завршни сметки.

## 2. ДОВОЛНА И КВАЛИФИКУВАНА РАБОТНА СИЛА СО РАЗНОВИДНА И РАЗВОЈНА ЕКОНОМИЈА КОЈА СПРЕЧУВА ИСЕЛУВАЊЕ

### 2.1 СКСЗМ на средба со Универзитетот „Мајка Тереза“. Дискусии за доволна и квалификувана работна сила



**03.02.2026, Скопје** - В.д. претседателот на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, г. Нухи Алиу, заедно со извршниот директор, г. Дурим Зекири, беа пречекани на работна средба од ректорот на Универзитетот „Мајка Тереза“, проф. д-р Беким Фетаји.

Во рамки на институционалната соработка се разговараше за воспоставување заеднички механизми на соработка, преку кои СКСЗМ ќе се вклучи во процесот на креирање нови наставни програми на сите факултети при Универзитетот „Мајка Тереза“.

СКСЗМ го нагласи својот придонес во развојот на образованието и ја изрази подготвеноста да биде активен партнер во соработката со Универзитетот, нудејќи експертиза и практична поддршка за реализација на заеднички проекти што го поврзуваат образованието со потребите на пазарот на труд.

## 3. ЕВРОПСКА ДРЖАВА, ЧЛЕНКА НА ЕУ, СО МОДЕРНИ ДИГИТАЛИЗИРАНИ ИНСТИТУЦИИ И БИЗНИСИ НАСОЧЕНИ КОН ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА.

### 3.1 Одржана работилница во СКСЗМ за плаќањата во евра преку СЕПА



**09.02.2026, Скопје** - Во Стопанската комора на Северо-Западна Македонија беше организирана работилница од страна на Народната банка, со цел компаниите членки на Комората да се запознаат одблизу со можностите и погодностите од извршувањето на плаќањата во Единствената област за плаќања во евра СЕПА.

Презентацијата ја одржаа директорот на Секторот за операции на финансиски пазари и платни системи г. Игор Величковски и директорката на Дирекцијата за платни системи г-ѓа Билјана Доновска Гечева.

Учесници беа компаниите членки на Комората од секторите трговија на големо и мало, дистрибуција на производи, енергетика, финансии, фармацевтски сектор, адвокатски канцеларии, шпедиција, градежништво, како и услужни дејности.

### 3.2 Раководството на СКСЗМ оствари средба со Министерот за животна средина и просторно планирање. Дискусија за еколошките политики



**16.01.2026, Скопје** - Раководството на Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија оствари официјална средба со Министерот за животна средина и просторно планирање, г. Мухамед Хоџа. Целта на средбата беше честитање до г. Хоџа по повод преземањето на новата функција министер, како и дискусија за можностите за институционална соработка помеѓу СКСЗМ и Министерството.

В.Д. Претседателот на СКСЗМ, г. Нухи Алиу, ја истакна важноста од активното вклучување на бизнис-заедницата во креирањето и спроведувањето на еколошките политики, нагласувајќи ја потребата од редовен меѓуинституционален дијалог. Тој потенцираше дека СКСЗМ служи како поврзувачки мост меѓу Министерството и приватниот сектор, особено во прашања поврзани со зелената транзиција, примената на еколошките стандарди, олеснувањето на административните процедури и промовирањето на одржливи инвестиции.

## 3.3 СКСЗМ учествуваше на потпишувањето на договорот за грант-шема за зелени бизниси – Зелениот транзициски процес како приоритет за развојот на компаниите



**05.02.2026, Скопје** - Извршниот директор на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, г. Дурим Зекири, заедно со членовите на Управниот одбор, учествуваше на свечениот настан организиран од Агенцијата ИНОВА, по повод потпишувањето на договорот за проектот „Грант-шема за поддршка на претпријатија за зелен бизнис“ (Greening Business Facility – GBF).

СКСЗМ ја поздравува оваа иницијатива на Владата, поддржана од Европската Унија, која претставува конкретна можност за малите и средни претпријатија да инвестираат во зелени технологии, енергетска ефикасност и одржливи производствени процеси. Оваа грант-шема е целосно усогласена со заложбите на Комората за зелената трансформација на приватниот сектор.

## 3.4 Раководство и членството на СКСЗМ учествуваа на настан за поддршка и зајакнување на социјалните претпријатија



**06.02.2026, Скопје** - В.Д. Претседателот на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, г. Нухи Алиу, заедно со Извршниот директор, г. Дурим Зекири, учествуваа на настанот организиран од Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА, на тема „Промоција на социјалните претпријатија и донаторски настан“.

Во своето поздравно обраќање пред присутните, В.Д. Претседателот на СКСЗМ ја истакна важноста од поддршката на социјалното претприемништво како клучен елемент за одржлив економски развој и создавање нови можности за социјална инклузија, потенцирајќи ја улогата на институциите и бизнис-заедницата во поттикнувањето и унапредувањето на овие иницијативи.

## Економски Информатор ЕКОНОМИКУС

Во текот на првиот квартал од 2026 година беа објавени 3 изданија на економскиот информатор ЕКОНОМИКУС. Темите презентирани во овој економски информатор се:

- **Економикус бр.1** – Индекси на цените во земјоделството, декември 2025 година;
- **Економикус бр.2** – Стоковна размена со странство, јануари – декември 2025 / 2024 година, претходни податоци;
- **Економикус бр.3 -** Индекси на прометот во индустријата, јануари 2026 година.

## Бизнис Информатор ДОБИА

Во текот на првиот квартал од 2026 година, членовите на СКСЗМ имаа можност да бидат известени преку бизнис информаторот DOBIA за јавните повици во врска со грантови и можности за финансирање. Во овој период, до членовите беше испратено 1 издание на информаторот преку електронска пошта, а известувањето за испраќањето на истиот беше дистрибуирано и на социјалните мрежи на Комората.

Повикот што е опфатен во ова издание на информаторот е:

- **Добиа бр.1** – Јавен повик од Националниот совет за безбедност и здравје при работа на Република Северна Македонија, со поддршка од Министерството за економија и труд и оваа година организира Избор за доделување на Национална награда на компанија со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа.

## 4. КОМОРА СО КРЕДИБИЛИТЕТ И ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ, ЛИДЕР ВО ЗАШТИТАТА НА ДЕЛОВНИТЕ ИНТЕРЕСИ

### 4.1 СКСЗМ одржа официјална средба со Министерот за надворешни работи и надворешна трговија за соработка во функција на економскиот раст



**14.01.2026, Скопје** - Во просториите на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, се одржа средба со Министерот за надворешни работи и надворешна трговија, г. Тимчо Муцунски, кој беше пречекан од В.Д. Претседателот на СКСЗМ, г. Нухи Алиу, Извршниот директор, г. Дурим Зекири, Потпретседателот, г. Јетон Асани, Претседателот на Собранието, г. Назми Ејупи и Почесниот претседател, г. Џемаил Даути.

Целта на средбата беше зајакнување на соработката и промовирање на заеднички иницијативи за економски развој, како и идентификување на можностите за промоција на домашните бизниси на меѓународните пазари.

### 4.2 Извршниот директор на СКСЗМ, Дурим Зекири, панелист на презентацијата на Стратегијата за МСП 2025–2030



**14.01.2026, Скопје** – Извршниот директор на СКСЗМ, г. Дурим Зекири, учествуваше на панел-дискусијата организирана во рамки на проектот „ЕУ за развој на малите и средните претпријатија“, финансиран од Европската Унија, во соработка со Министерството за економија и труд на Република Северна Македонија, по повод презентацијата на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2025–2030.

За време на дискусијата, г. Зекири истакна дека: „Зелениот транзиционен процес моментално се перципира повеќе како трошок отколку како можност, бидејќи нашата економија има ниски иновативни и финансиски капацитети за да го претвори тоа во конкурентска предност“.

## 4.3 СКСЗМ го прими на средба амбасадорот на Швајцарија во РСМ, г. Кристоф Зомер. Се разговараше за продлабочување на економската соработка меѓу двете земји



**30.01.2026, Скопје** - Високото раководство на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија (СКСЗМ) оствари официјална средба со амбасадорот на Швајцарската Конфедерација во Република Северна Македонија, г. Кристоф Зомер.

За време на средбата беа разгледани можностите за зајакнување на економската соработка меѓу двете земји, со посебен фокус на поттикнување на трговската размена, реализација на заеднички проекти и нови инвестиции.

Клучна точка на разговорите беше улогата на дијаспората од Северна Македонија во Швајцарија како поврзувачки мост за економска соработка, како и процесите на дигитализација и пренос на know-how од швајцарските компании кон домашните бизниси.

## 4.4 СКСЗМ го одржува 4-тиот состанок на Надзорниот одбор. Се дискутираше за извештаите и прашања за функционирањето на Комората



**11.02.2026, Скопје** - во просториите на СКСЗМ се одржа 4-тиот состанок на Надзорниот одбор, предводен од неговиот претседател, г-дин Фатмир Етеми, каде што присуствуваа членовите на НО, извршниот директор г-дин Дурим Зекири и оперативната менаџерка Миранда Ајдини.

За време на состанокот беа разгледани извештаите за 2025 година, со посебен акцент на финансиската одржливост и општото функционирање на Комората. Беа разгледани и други прашања од значење за напредокот и исполнувањето на одговорностите на Надзорниот одбор.

## 4.5 СКСЗМ почестена со Признание за 15-годишниот придонес од Фондацијата Албиз



**12.02.2026, Скопје** - Раководството на СКСЗМ, предводено од в.д. претседателот г. Алиу, извршниот директор г. Зекири, членовите на Управниот одбор и компании-членки, учествуваа на свечената манифестација организирана од Фондацијата Албиз по повод 15-годишнината од нејзиното основање и промоцијата на XV генерација стипендисти. Овој јубилеј претставува значаен момент за осврт кон досегашниот развој и придонесот на фондацијата во поддршката на талентираните млади во изминатите години.

За време на настанот, СКСЗМ беше наградена со признание за придонесот, соработката и поддршката дадена во текот на 15-годишното дејствување на Фондацијата.

## 4.6 СКСЗМ ги обединува институциите и бизнисот на Традиционалната ифтарска софра, во духот на партнерството и општественото единство



**03.03.2026, Скопје** – Стопанската комора на Северо-Западна Македонија го организираше традиционалниот Ифтар во просториите на компанијата членка „Nita Palace“. Настанот собра претставници на бизнис-заедницата, највисоки државни претставници, институции, партнери и медиуми, овозможувајќи посебна вечер во која беше истакната важноста на соработката и меѓусебното разбирање.

Настанот го почестија со своето присуство и претседателот на Собранието, г. Африм Гаши и претседателот на Владата на Република Северна Македонија г. Христијан Мицкоски.

В.д. претседателот на СКСЗМ, Нухи Алиу, во своето обраќање им се заблагодари на присутните за учеството и ја нагласи важноста од зачувување на вредностите на солидарност, почит и соработка меѓу бизнис-заедницата и институциите. Тој истакна дека овој традиционален настан претставува мост кој ја зајакнува довербата, дијалогот и партнерството во општеството.

## 4.7 СКСЗМ го одржа првиот состанок на Управниот одбор за 2026 година



**10.03.2026, Скопје** – Во просториите на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија се одржа првиот состанок на Управниот одбор за 2026 година, на кој беа истакнати активностите и иницијативите реализирани од страна на СКСЗМ во текот на изминатата година, кои придонесоа за унапредување на интересите на приватниот сектор и за зајакнување на улогата на Комората како значаен глас.

За време на состанокот беше презентиран наративниот и финансискиот извештај за 2025 година, а се дискутираше и за динамиката на работа за претстојниот период, вклучително и активностите што ќе се организираат во рамките на одбележувањето на 20-годишнината на СКСЗМ.

## 4.8 СКСЗМ дел на меѓународниот форум за промоција на инвестиции во Будимпешта




30–31 март 2026 година, Будимпешта – В.Д. Претседателот на СКСЗМ, Нухи Алиу, учествуваше на меѓународниот промотивен настан организиран во рамки на проектот „Промоција на Инвестициската мапа“, наменет за бизнис заедницата и насочен кон продлабочување на економската соработка меѓу Република Северна Македонија и Унгарија.

На овој настан учествуваа и компании членки на СКСЗМ, вклучително и Neting Institute, BIS OIL, Центар Rea и Magna Group, како и високи претставници на Владата на Република Северна Македонија, со што се потврдува активниот ангажман на приватниот сектор и институционалната поддршка во промоцијата на инвестициските можности и проширувањето на меѓународната соработка.

Во текот на настанот беше презентирана Инвестициската мапа на Република Северна Македонија, при што детално беа разработени инвестициските можности, придобивките за инвеститорите, клучните сектори за развој, како и конкурентските предности што ги нуди државата.

Настанот вклучи и Б2Б средби помеѓу компании од двете земји, создавајќи простор за воспоставување нови партнерства и конкретизација на идните деловни соработки.

Оваа соработка се рефлектира и на нивото на трговската размена меѓу двете земји. Трговската размена со Унгарија во 2025 година достигна 576,9 милиони евра, од кои 363,2 милиони евра извоз, додека увозот изнесуваше 213,7 милиони евра.

# 5. НАМАЛУВАЊЕ НА СИВАТА (НЕФОРМАЛНА) ЕКОНОМИЈА, МИНИМИЗИРАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ЗДРАВА ЕКОНОМСКА КОНКУРЕНТНОСТ

## 5.1 СКСЗМ потписник на декларацијата за партнерство и акција „Заедничка посветеност за формализирање на неформалната економија во РСМ“




**18.02.2026, Скопје** - В.д. претседателот на СКСЗМ, г. Нухи Алиу, заедно со Извршниот директор, г. Дурим Зекири, учествуваа на Годишната конференција организирана од Министерството за финансии на РСМ, на тема „Формализирање на неформалната економија: Преку соработка до успех“.

Овој настан ги обедини највисоките претставници на Владата, стопанските комори, организациите на работодавачи, синдикатите, како и претставници на академската заедница, со цел да се адресираат предизвиците поврзани со неформалната економија и да се дискутираат конкретни решенија за зголемување на транспарентноста и фер конкуренцијата на пазарот.

## 6. Односи со јавноста

**22.01.2026** - В.Д претседателот на СКСЗМ, г-дин Нухи Алиу, поканет во емисијата „Бизнис Плус“ на МРТ 2

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid02eiCX9ZG5xhcqeNhDBEDKaXhfyTqtVrCxkwzFiomDH6qWBeVgnjW2xhG5HL2PcorNl

**29.01.2026** - В.Д претседател на СКСЗМ, г-дин Нухи Алиу, поканет на ТВ АЛСАТ М

https://www.facebook.com/reel/2639320909779645

**09.02.2026** – Директорот на СКСЗМ, г-дин Дурим Зеќири, изјава за алфа.мк

https://alfa.mk/25-milioni-evra-investiczii-za-modernizaczi%D1%98a-i-zeleni-investiczii-vo-stopanstvoto/

Field Code Changed

**19.02.2026 -** Дурим Зеќири, Минимална плата-Бизнис плус

Durim Zeqiri, Paga minimale- Biznes Plus 19.02.2026

**18.03.2026 -** Нухи Алиу, Абил Бауш и Нефаил Емини зборуваат за зголемувањето на цените на нафтата - Бизнис Плус

https://www.youtube.com/watch?v=Hwo_YFu5R_U

## 7. СКСЗМ во медиуми

Во периодот Јануари – Март 2026, претставници на СКСЗМ беа присутни во медиуми 7 пати, од кои:

- Емисии – 4;
- Изјави во ТВ – 3;

Исто така, во истиот период СКСЗМ беше цитирано – над 20 пати.

## 8. Комуникација со членките

Во текот на првиот квартал на 2026 година, Дескот на услуги има остварено над 530 контакти со компании на различни форми (телефонски повици и е-пошта), истовремено Дескот за услуги бил контактиран околу 500 пати.

Исто така во првиот квартал, 10 нови компании се зачлениле во СКСЗМ.

## 9. СКСЗМ на социјалните мрежи

СКСЗМ, до крајот на првиот квартал на 2026 година, во социјалната мрежа FACEBOOK брои вкупно:

- 8,800 следбеници;

Споредно со претходната година, во истиот период имаме зголемување на следбениците за 3.1%.

Воедно, СКСЗМ е активна и на другите социјални мрежи, и тоа на ИНСТАГРАМ, каде што има вкупно 619 следбеници, и на Линкед ин, со вкупно 274 следбеници.



## Услуги на СКСЗМ

Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија е партнер кој им помага на бизнисите на нивниот пат кон деловен успех преку широк спектар на услуги.



**ИНФОРМАТИВНИ УСЛУГИ** – Членовите на СКСЗМ имаат можност да се информираат преку информативни канали во нивните области на интерес како што се: економски информатор ECONOMICUS, бизнис информатор **DOBIA**, правен информатор JURIS и **JURIS ALARM, БИЛТЕН НА СКСЗМ, ПОВИЦИ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ТЕНДЕРИ, РЕГИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ САЕМИ.**




**ПРОМОТИВНИ УСЛУГИ** – СКСЗМ преку своите промотивни услуги, ги поддржува своите членови преку промовирање на истите, вклучително и старт-ап компании, компании кои лансирале нова услуга, компании кои имаат нови промотивни понуди итн. Улогата на комората е истото да го промовира преку: промоција на **Социјалните мрежи**, услуга **„Член за член“ (преку е-пошта), лого на веб-страницата на СКСЗМ, видеа во коридорот на СКСЗМ, промотивни материјали во сала за состаноци на комората како и каталогот TOP 100™.**



**ЦЕНТАР ЗА ОБУКИ** - Центарот за обуки на СКСЗМ е активна за да им служи на компаниите со обуки на различни теми, задоволувајќи ги нивните потреби за обука и за подготовка на нивниот персонал. Обуките се спроведуваат врз основа на **Годишниот план на СКСЗМ или според специфичните барања на членовите.**



**ЦЕНТАР ЗА КВАЛИТЕТ И СТАНДАРДИ** - Стопанската Комора на Северозападна Македонија преку Центарот за квалитет и стандарди на своите членови им нуди: **ISO стандарди, HASSP стандарди, Халал стандарди.**



**КОНСУЛТАЦИИ И АНАЛИЗА** – Оваа услуга вклучува: **Консултации (правни и економски), Финансиска анализа по барање, Услуги за патенти, Услуги за интелектуална сопственост, Барања до институции.**



**ДРУГИ УСЛУГИ** - Сертификат за потекло, Сертификат за потекло-Електронски, Лобирање, Лобирање според индивидуални барања, Покана за виртуелни саеми за поврзување на бизниси со регионот, Административни услуги, B2B состаноци, Пристап до Коморски групи, Покана за настаните на СКСЗМ ( семинари, конференции, самити), Резервирани места на секој настан на СКСЗМ, Асистенција за учество на различни светски саеми, Претставување на интересите на членовите пред државните и меѓународните институции, Ручек со Премиерот/Претседателот/ Министри, Традиционален ифтар, Потврда за членство.



**ТЕХНИЧКИ УСЛУГИ** – Бесплатни места за членовите во канцелариите на СКСЗМ за состаноци и деловни разговори (до 1 час), Сала за еднодневна и повеќедневна употреба (до 15 седишта).




**КАТАЛОГОТ TOP 100™** – Каталогот TOP 100™ на најуспешните компании во Северна Македонија е платформа за вмрежување и промоција, каде што се промовираат успешни бизниси, но и се создаваат нови можности за потенцијални соработки помеѓу постојните членови и потенцијалните членови. Овој каталог нуди одлична можност за компаниите кои сакаат да ги претстават своите производи и услуги пред широка публика, стимулирачки ја нивната видливост и зајакнување на нивната позиција на пазарот, а воедно правејќи ги компаниите поконкурентни на локалниот и меѓународниот пазар.